РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2782/2
30-12-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 12-та седница одржана на ден 24.12.2024 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Пријавата со број 12-2782/1 од 28.10.2024 година, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во остварување на правото на отсуство од работа поради заболување или повреда на службеното лице-самостоен ревизор во ----------, ----------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување и предметната пријава ќе ја достави на надлежно постапување до Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-2782/1 од 28.10.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 28.10.2024 година, до ДКСК доставена е пријава од познат подносител, во која се наведува дека службеното лице-самостоен ревизор во ----------, ----------, подолг временски период го остварувал правото на отсуство од работа поради заболување или повреда спротивно на закон.

Подносителот во пријавата наведува дека истата во период од 30.05.2024 до 25.10.2024 година, во континуитет користела боледувањена секои 15 дена, кое и го одобрувал нејзиниот сопруг, кој по професија е доктор.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Подносителот во пријавата бара ДКСК да го испита конкретниот случај и да провери, дали се испочитувани правилата, критериумите и дијагностичките постапки согласно Правилниците на Фондот за здравствено осигурување на РСМ за оцена на спреченост на работа поради болест или повреда на горенаведеното службено лице, како и кои се пр ичините поради кои истиот континуирано 6 месеци, на секои 15 дена отвара ново боледување по користење на годишен одмор, наместо да користи боледување во континуитет, кое ќе го продолжува со мислење на лекарска комисија.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување, поради што предметната пријава ќе ја достави на надлежно постапување до Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

Оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор

Доставено до:
-подносителот на пријавата